**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**

Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел:  02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **јуни, 2026**




**Скопје, 06.07.2026**

**Содржина:**

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУНИ, 2026 година* 3

*НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУНИ, 2026 година* 4

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУНИ, 2026 година – по групи* 4

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* 5

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА* 5

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* 5

*ЕПИДЕМИИ* 5

*СМРТНИ СЛУЧАИ* 6

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ* 6

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* 6

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУНИ, 2026 година*

Во текот на јуни 2026 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **780** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **42,5 на 100.000 жители**.

Во текот на месец јуни се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 4,6% во однос на претходниот месец мај (n=746), намалување во однос на јуни 2025 за 17,5% (n=946), како и намалување во однос на аритметичката средина за периодот 2016–2025 за 31,4% (n=1.137).

Во вкупниот број на заболени во 2026 година, регистрираните случаи во месец јуни учествуваат со 17,4%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2026 (n=4.486) е за 13,3% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2025 година (n=5.173). *(Графикон 1)*

***Графикон 1**: Број на заболени од заразни заболувања по месеци во 2026 и аритметичка средина за 2016-2025*




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=333; 42,7%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=15; 1,9%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Струмица (I=62,5/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Охрид (I=11,8/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ се регистрира на територијата на Кратово (I=742,2/100.000). Во месец јуни, шест ПЕ не доставија пријави за заразна болест до ИЈЗ од територијата што ја покриваат (Демир Хисар, Берово, Виница, Дебар, Македонски Брод и Пробиштип). *(Картограм)*

***Графикон 2**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во јуни, 2026*




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во јуни*** учествуваат со 97,8% во вкупниот број на заболени во месецот и инциденца од 41,5/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Првите две најчести заразни заболувања*** учествуваат со 85,5% во вкупниот број на заболени, а со 87,4% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец јуни 2026 година.

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во јуни, 2026*

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | 353 | 19,2 |
| Ентероколитиси | 314 | 17,1 |
| Салмонелози | 24 | 1,3 |
| Шуга | 19 | 1,0 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 19 | 1,0 |
| Инфективна мононуклеоза | 14 | 0,8 |
| Сифилис | 9 | 0,5 |
| Вирусен хепатитис Б | 5 | 0,3 |
| Легионерска болест | 3 | 0,2 |
| Кампилобактериоза | 3 | 0,2 |
| ***Вкупно*** | ***763*** | ***41,5*** |

## *НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУНИ, 2026 година*

Во текот на јуни, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 353 пријавени заболени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 45,3%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 46,3%.

Во однос на претходниот месец мај (n=332), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 6,3%, а во однос на месец јуни 2025 (n=483), намалување за 26,9%. Во однос на аритметичката средина (n=558) се регистрира намалување за 36,7%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2026 (n=2.114), пријавените случаи во јуни учествуваат со 16,7%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 (n=4.486), овчите сипаници учествуваат со 47,1%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2026 (n=2.114) е за 22,3% помал во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=2.721).

На второ место по број на пријавени заболени во месец јуни се **ентероколитите**, со 314 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 40,3%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец со 41,2%.

Во однос на претходниот месец мај (n=289), се регистрира зголемување на бројот на заболени лица од ентероколити за 8,7%, додека во однос на месец јуни 2025 (n=336) се регистрира намалување за 6,5%. Во однос на аритметичката средина (n=412) се регистрира намалување за 23,8%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2026 (n=1.465), пријавените случаи во јуни учествуваат со 21,4%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 година (n=4.486), ентероколитите учествуваат со 32,7%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2026 (n=1.465) е за 11,5% помал во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=1.656).

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУНИ, 2026 година – по групи*

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи,** во јуни, најголем број (n=374) припаѓаат на **капковите заболувања** (47,9%; I=20,4/100.000) *(Графикон 3).* Од нив најголем број (n=353, 94,4%) и инциденца (I=19,2/100.000) се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени и 14 случаи на инфективна мононуклеоза, 3 случаи на легионерска болест, 2 случаи на скарлатина и по еден случај на голема кашлица и заразни заушки.

Во месец јуни пријавени се 360 случаи на **цревни заболувања** (46,2%; I=19,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број (n=314; 87,2%) и инциденца (I=17,1/100.000), се пријавите за ентероколитиси. Во оваа група пријавени се и 24 случаи на салмонелози, (I=1,3/100.000), 19 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации и 3 случаи на кампилобактериоза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во јуни се регистрирани 24 случаи (3,1%; I=1,3/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 19 се случаи на шуга (79,2%; I=1,0/100.000), 3 случаи на вирусен менингитис и 2 случаи на вирусен енцефалитис.

Во групата на **зоонози,** во месец јуни пријавени се 4 заболени лица (0,5%; I=0,2/100.000) *(Графикон 3),* од нив 2 се случаи на лајшманиоза и по еден случај на ехинококоза и лајм борелиоза.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) регистрирани се 18 заболени лица (2,3%; I=1,0/100.000) *(Графикон 3).* Пријавени се 9 случаи на сифилис, 5 случаи на вирусен хепатитис Б и по два случаи инфекција со хламидија и вирусен хепатит Ц. *(Табела 1 во Прилог)*

***Графикон 3**: Структура на заболени по групи на заболувања во јуни, 2026*




## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец јуни, пријавени се 7 нови случаи на ХИВ/СИДА, од машки пол, на возраст од 20-59 години.(*Табела 3 во Прилог*)

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.06.2026), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во РС Македонија, за периодот 1987–2026, изнесува 754 и тоа:

- 141 починато лице
- 497 лица кои живеат со ХИВ/СИДА
- 116 лица се водат како изгубени за следење (иселени)

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец јуни 2026 регистрирани се 7 случаи со инциденца од 0,38/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрирани се 5 случаи на вирусен хепатитис Б кои според возраста не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Во текот на месец јуни, пријавен е еден случај на голема кашлица од Скопје, на возраст од 2,5 години, редовно вакциниран согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ. Случајот е лабораториски докажан.

Пријавен е и еден случај на заразни заушки од Кичево, на возраст од 1,5 година, кој според возраста подлежи на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не е вакцинирани против оваа болест. Случајот е клинички потврден.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во РС Македонија, во текот на месец јуни, пријавени се 2 случаи на КОВИД-19 (I=0,1/100.000), исто како и претходниот месец мај (n=2), а има намалување во однос на месец јуни од 2025 година (n=10).

Во текот на јуни не се регистрирани починати лица асоцирани со КОВИД-19.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец јуни се тестирани вкупно 457 материјали, за 27,6% помалку во однос на минатиот месец (n=631).

Од првиот регистриран случај во државата, заклучно со 30.06.2026, пријавени се вкупно 352.489 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.191,3/100.000) и 10.009 смртни случаи (Mt=544,9/100.000; CFR=2,8%).

## *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец јуни до Институтот за јавно здравје ***пристигнаа две пријави за епидемии со Dg: Toxoinfectio alimentaris*** од ЦЈЗ Скопје и ***Dg:Varicella*** од ЦЈЗ Куманово.

На 10.06.2026 година пријавена е епидемија на алиментарна токсоинфекција, од страна на ЦЈЗ Скопје каде се регистрирани 15 заболени лица вработени во иста фабрика, од кои три биле хоспитализирани. За случајот се известени Агенцијата за храна и ветеринарство, Институтот за јавно здравје и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со цел превземање координирани мерки. Спроведени се епидемиолошки анкети, лабораториска дијагностика и превземени се противепидемиски мерки. Епидемијата е одјавена на 16.06.2026 година.

На 10.06.2026 година, од страна на ЦЈЗ Куманово, пријавена е епидемија на овчи сипаници во Кратово. Епидемијата сè уште е во тек. Надлежните институции продолжуваат со следење на состојбата и спроведување на мерки за спречување на понатамошно ширење на заболувањето.

## *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец јуни, **не се регистрирани смртни случаи од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на јуни 2026 година во ИЈЗ се пристигнати 815 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици. (Табела 4 во прилог)*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите 10 ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=591; 72,5%). (*Табела 4 во Прилог)*

Најчесто пријавувани причинители во месец јуни се: *HPV* (171; 21,0%), *MRSA* (166; 20,4%) и *HBsAg+* (n=37; 4,5%).

Според пријавите, резистенција покрај *MRSA*, е регистрирана и кај *Escherichia coli, Escherichia coli ESBL, Klebsiella pneumoniae, Klebsiella pneumoniae, ESBL, Acinetobacter baumannii, Acinetobacter spp., Klebsiella pneumoniae, Klebsiella pneumoniae ESBL, Salmonella enteritidis, Pseudomonas aeruginosa, Peptostreptococcus spp., Staphylococcus saprophyticus, Streptococcus agalactiae, Staphylococcus aureus и Enterococcus faecalis.*

Во однос на лабораториите кои пријавиле резистенција, пријавите се пристигнати од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Велес и ЦЈЗ Охрид.

## *БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ*

Во текот на јуни, ***пристигнати се четири пријави*** за заразно заболување регистрирани кај странски државјани и тоа: по една пријава за салмонелоза, ентероколитис, денга и бруцелоза. Според земјата од која доаѓаат, има по еден случај од Канада, Хрватска, Бангладеш и Косово.

Во текот на 2026 година, регистрирани се вкупно 20 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. Регистрирани се 7 пријави на ентероколитис, 4 пријави за ХИВ/СИДА, 4 пријави за салмонелози и по една пријава за кампилобактериоза, бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, легионерска болест, денга и бруцелоза.

Според земјата од која доаѓаат, 8 лица се од Косово, по 2 случаи од Германија и Турција и по 1 случај од Србија, Словенија, Австрија, Британија, Австралија, Канада, Хрватска и Бангладеш.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***